Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на ЕНЕРГОЛИНК ДОО Скопје УП2 09-184/26 од 9 април 2026 година против Решенија за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_15_20240705_100 од 27.03.2026 и NCC_15_20240705_101 од 27.03.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решенијата за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_15_20240705_100 од 27.03.2026 и NCC_15_20240705_101 од 27.03.2026 година СЕ ПОТВРДУВААТ.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

ЕНЕРГОЛИНК ДОО Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-184/26 од 9 април 2026 година против Решенија за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_15_20240705_100 од 27.03.2026 и NCC_15_20240705_101 од 27.03.2026 година, против висината на трошокот утврден во Решенијата, 37.013.059,00 денари за приклучок на ФЕЦ од 2375kW и 9.988.918,00 денари за приклучок на ФЕЦ од 625kW.

Ова е четврто поднесување на приговор за предметните електроцентрали.

За претходниот приговор е издадено Решение за уважување на Приговорот УП2 бр. 09-1088/25 од 05.02.2026 година со задолжение за Електродистрибуција во новоиздадените Решенија за согласност за приклучување да се разгледа можност за намалување на пресекот на кабелот само во делот на жалителот.

Според Електродистрибуција – постапено е по претходното Решение на Регулаторната комисија за енергетика со издавањето на сега приговараните Решенија за согласност за приклучување.

ЕНЕРГОЛИНК ДОО Скопје ги прифатил Условите за приклучување на дистрибутивна мрежа, односно се согласил со издадените Решенија за согласност при што жалбата е неоснована и согласно член 3 став (1) точка 89) и член 99 став (8) од Законот за енергетика, ЕНЕРГОЛИНК е корисник на системот и истиот за приклучување на фотонапонските електроцентрали е должен да го плати надоместокот за приклучување на мрежата.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 12 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-184/26 од 9 април 2026 година со прилог:

- Решение за уважување на приговор УП2 бр. 09-1088/25 од 05.02.2026 година
- Приговараните Решенија

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 27 април 2026 година со прилог:

- Слики од барањата за согласност за приклучување
- Спецификации на трошоци и анекс-пресметки

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека пресекот на кабелот во делот на предметните фотонапонски електроцентрали е 150mm2, додека во претходно издадените Решенија за согласност истиот беше 240mm2.

Со ова, пресметките се намалени од 45.891.169,00 денари за приклучок на ФЕЦ од 2375kW и 12.402.510,00 денари за приклучок на ФЕЦ од 625kW на сегашните пресметки, односно 37.013.059,00 денари за приклучок на ФЕЦ од 2375kW и 9.988.918,00 денари за приклучок на ФЕЦ од 625kW, односно е постапено по Решението за уважување на приговор УП2 бр. 09-1088/25 од 05.02.2026 година.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–184/26**
**18 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**